КООРДИНАТИВНО
ТЕЛО ЗА
ОПШТЕСТВЕНА
ОДГОВОРНОСТ НА
ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Македонски ОСКАР
за општествено одговорни претпријатија во
Република Македонија

# ДОБРИ ПРАКТИКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Скопје, февруари 2008


inWent
Internationale Weiterbildung und Entwicklung gGmbH
Federal Ministry for Economic Cooperation and Development

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
BUSINESS ENVIRONMENT ACTIVITY

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

**Македонски ОСКАР**
**за општествено одговорни претпријатија во**
**Република Македонија**

# ДОБРИ ПРАКТИКИ НА МАКЕДОНСКИТЕ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

**Одбивањето да се преземе одговорност е болест на нашето време**
**Ото Фон Бизмарк, Германски канцелар**

Оваа публикација е подготвена од страна на ИнВент проектот: Воведување на општествена одговорност на претпријатијата во југоисточна Европа, со великодушна поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за Меѓународен Развој (УСАИД).

Мислењата изразени во оваа публикација не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за Меѓународен Развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.

ВОДЕЊЕТО БИЗНИС Е МНОГУ ПОВЕЌЕ ОД ПРАВЕЊЕ САМО ПРОФИТ!

Всушност треба да се превзема одговорност за влијанието на бизнисот врз засегнатите и заинтересираните страни (вработените, акционерите, заедницата и животната средина) од сите аспекти.

ЗОШТО? Бидејќи тоа е очекувано, согласно глобалниот пазар. Општествената одговорност на претпријатијата (ООП) е менаџмент концепт, каде што компаниите ги интегрираат општествените и прашањата за животната средина во сопствените бизнис операции над потребните законски барања.

ООП се залага за креирање корист и за општеството и генерирање на додадена вредност за компаниите. Затоа, зададен е концептот на заедничка корист а притоа успехот на бизнисот како и квалитетот на животот во општествата во кои оперираат во најголема мера е подобрен.

ОДГОВОРНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СЕ ПОУСПЕШНИ ЗАТА ШТО:

**ООП го подобрува имиџот на претпријатијата** и ја гради довербата кај потрошувачите, деловните партнери и општеството во целина

**ООП ја гради лојалноста на потрошувачите** врз основа на етичка вредност. Затоа, во свеста на потрошувачите одговорното претпријатија може да биде одвоено од конкуренцијата

**ООП ги намалува финансиските ризици** и го подобрува квалитетот на производите и услугите, на пример преку подобрената сигурност на производите и услугите или компатибилноста на производите и услугите

**ООП ја зголемува мотивираноста и продуктивноста кај вработените.** Доколку вработените работат во компанија на која се гордеат, има помалку конфликти и затегната атмосфера

**ООП ги подобрува пазарните перформанси.** Променливите услови и регулации се антиципираат во раните фази. На овој начин, неопходните промени може да бидат спроведени побрзо и консеквентно

Во рамки на Проектот "Воведување на Општествена одговорност на претпријатијата (ООП) во југоисточна Европа" кој се спроведува во повеќе земји од ЈИЕ, се доделуват награди за фирми кои во своето работење спроведуваат принципи на општествена одговорност.

Во процесот на награди за општествено одговорни претпријатија (ООП) кој се одвиваше во текот на втората половина од 2007 година, се пријавија 73 претпријатија. Од нив, 50 фирми пријавија проекти од областа на ООП. Од фирмите кои доставија проекти беа селектирани 15 како добри практики на примена на принципите на ООП. Проектите на овие фирми претставуваат преземени активности кои имаат влијание и врз бизнисот на фирмите и врз општеството.

Пријавените фирми се натпреваруваа во две категории: МСП (мали и средни претпријатија) и големи претпријатија. Од вкупно 75 фирми, 28 се големи, а 45 МСП.

Најголем број (35), од пријавените претпријатија во процесот на награди, се производни, 11 од секторот за трговија и туризам, по 7 фирми од транспорт и шпедиција и ИТК секторот, 6 банки и осигурителни компаниии, 4 услужни и 3 градежни фирми.

**Претпријатија во процесот на награди по дејности**




.

Во категоријата големи компании, најголемо е учеството на производните претпријатија со 42%, банките 25% и со по 11% учествуваат транспорт, трговија и ИТК. Во категоријата МСП, производните фирми учествуваат со 50%, трговските со 18%, ИТК и транспортните со 9%, а услужните и градежните фирми со по 7%.




Од производните фирми најголем дел, 36% се од текстилната индустрија, 19% се од секторот за преработка на храна и пијалоци, додека останатите индустрии подеднакво се застапени.



## МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

BIRKART GLOBISTICS®

**БИРКАРТ ГЛОБИСТИК ДОО Штип** е добро организирана фирма со брз пораст. Соработува со повеќе од 60 текстилни фирми од Македонија на кои им го организира превозот на нивните стоки до партнерите во Германија, нуди логистика и пакет на услуги со Кат Кам персонализирани решенија. Има воведено ИСО 2001 :9000 стандард за квалитет.
**Проектот „Поквалитетна едукација - поконкурентни компании**“ го започнува со цел да придонесе за прилагодување на факултетското образование кон потребите на стопанството. Детектирајќи го јазот помеѓу применливоста на стекнатите знаења на дипломираните студенти и потребите на фирмите, тие го спроведуваат проектот во соработка со државниот Универзитет во Скопје.

Сакајќи да го задржи имиџот на општествено одговорно претпријатие која секогаш е спремно да придонесе за општеството и едукацијата, склучува договор за соработка за вработување на дипломирани кадри заради стекнување со пракса.

Во временски период од еден семестар (три месеци) успеваат со практичен приказ на процесите кои ги врши Биркарт да им укажат на студентите што значи во пракса системот на менаџирање, системот на финасии и книговодство, логистика, маркетинг и продажба.

Придобивка плус за студентите е што откако ќе заврши овој дел од праксата  можат да изработат стручен труд од аспект на испитите кои ги полагаат користејќи ги податоците и бизнис искуствата на претпријатијата. Како резултат на активностите десетина студенти веќе имаат поминато пракса во фирмата, од кои дел се вработени во Биркарт, а останатите се препорачани за работа на други фирми во регионот.

*Трајан Ангелов,* Менаџер
032/223 600
trajan.angelov@birkart.com.mk
www.birkart.com.mk; www.thiel-logistik.com

**ДУНА КОМПЈУТЕРИ ДОО Скопје** се профилира во претпријатие кое обезбедува комплетни ИТ решенија, обезбедувајќи ја целокупната ИТ инфраструктура за своите корисници и интеграција на истата. Иднината на претпријатието ја гледаат во постигнување на раст и развој кој ќе ја доведе на врвот и ќе ја означи како лидер во областа на ИТ технологијата.

Спремни за поддршка на општествените приоритети го поддржуваат **Проектот „Социјална инклузија на деца и млади од економски неразвиени подрачја“** на Здружението „Рубикон“, свесни дека со основната идеја превземање на организацијата на настанот аукција за продажба на изработени ракотворби кои произлегуваат од проектот можат да придонесат кон општествен развој. Ги охрабруваат своите деловни партнери да земат активно учество, докажувајќи се како одговорни со грижа за малите и заборавени луѓе во државата. Понесени од основната цел, анимираат поголем број компании од бизнис секторот за аукцијата да биде поуспешна, да се соберат повеќе финансиски средства. А мотивот за да ја преземат оваа благородна активност лежи во нивната вистина дека во Македонија за жал се уште постојат региони во кои условите за живот и образование не одговараат на оние од 21 век. И доколку општествено се одговорни повеќе субјекти во Македонија и станат свесни за ваквата состојба - лошите услови за живот и едукација и секој во своите можности направи малку, Македонија може да стане подобро место за живеење.

*Дарко Јовановски*
Бизнис менаџер
*Лара Велевска*
Координатор за квалитет
02/3129462
darko.j@dunacomputers.com.mk
lara.velevska@dunacomputers.com.mk
www.dunacomp.com.mk

**ИНет АД Скопје** е друштво во информатичката и комуникациската технологија на македонскиот пазар. Високо препознатливо во дистрибуцијата на вредносно-ориентирани технологии, ги канализира иновациите преку обезбедување на сложена информатичка опрема, периферии и пакет софтверски производи. Овие перформанси овозможуваат да ја зацврстат лидерската позиција на информатичкиот пазар.

Основната идеја на **Проектот „Ден на слободен софтвер во Македонија 2007“** е да се придонесее на полето на развојот на информатичкото општество и електронскиот трансфер на податоци, а преку поддршка на овој посебен настан да се едуцира македонската јавност во врска со слободниот софтвер. Оттука и мотивацијата кај претпријатието за подигање на свеста на јавноста што се изведува преку проектната презентација на проектот Linux Fedora 7 на Red Hat, зашто слободниот софтвер претставува технолошка иднина на која може да и веруваме, која е одржлива и нема негативно влијание врз основните човекови права. Во проектните активности е вклучен „Слободен софтвер Македонија“ во улога на промотор на настанот, како непрофитна организација посветена на промоција на слободниот софтвер. Главната придобивка од проектот претставува подигање на свеста на македонската јавност за важниот предмет на слободниот софтвер.

*Надежда Димитровска*
Главен оперативен директор
02/3090625
nade@inet.com.mk
www.inet.com.mk

**МОНТ ДОЕЛ Скопје** успешно работи во областа на текстилната индустрија. Присутна е на пазарите во поранешните југословенски држави и Европа со производи преку доработка и други облици на конфекционирање на текстилни ткаенини од волна, памук, синтетика и нивни мешавини. Постои три години, со тим од млади и стручни кадри подготвени успешно да одговорат на барањата на клиентите.

Основната идеја на ангажманот на претпријатијата преку **Проект „Обука за невработени за работа на машини за шиење“** е да се помогне на невработените кои немаат стручно образование во процесот на вработување. Во спроведувањето тежнеат кон основната цел - да се изврши успешна обука за невработените да се стекнат со стручност што ќе им даде виза за полесно вработување во текстилната индустрија, а да си помогнат и себеси со вработување на стручен обучен кадар. Како резултат на проектот голем број на невработени се здобиле со сертификати за работа на машина за шиење. Претпријатието како основна придобивка ја гледа обуката на кадри за текстилната индустрија со што им овозможиле да најдат работа кај нив или во други компании. Ова го спроведуваат веќе три години и еднаш до двапати годишно организираат тримесечна обука. Во рамките на проектот се обучени околу 100 лица, а обуките се вршат во сопствените капацитети во Скопје, Делчево, Крива Паланка и Демир Хисар.

*Дејан Јованов*
Менаџер за квалитет
02/3099585
dejanj@mont.com.mk
http://mont.com.mk/

**РАДЕ КОНЧАР СЕРВИС ДОО Скопје** е претпријатие ќерка на Раде Кончар холдинг Скопје, претпријатие со големо искуство во електро индустријата, хемиската и неметалната индустрија. Претпријатието има добра репутација на Балканот, нејзиниот делокруг на работење се состои во сервисирање, поправка и одржување на трансформатори, електромотори и генератори. Фирмата го има воведено стандардот ИСО 2001:9000, а во постапка на воведување е и на ИСО 14000 стандардот.
**Проектот "Обука на вработените"** е во постојан фокус на претпријатието. Причината за спроведување на ваков проект лежи во целта да се запознаат вработените со новите методи на работа, нивно мотивирање и зголемување на задоволството. Оваа активност е преземена под мотивација за постигнување континуитет во зголемување на продуктивноста, ефикасноста и задоволство во работата. За успешно спроведување на зацртаните проектни активности реализирани се семинари за обука на вработените за сите процеси од работењето, како и ГЕМО-обука за одржување на машини и опрема. Како резултат на проектните активности, воведени се нови стандарди и методи во работењето. Особена придобивка е воведување на јапонскиот 5С, визуелен менаџмент, кој за крајна цел има намалување на отпадот, губитоците во работењето, зголемување на организираноста и ефикасноста, а тука се и основните придобивки како зголемената мотивација и самосвест кај вработените. Претпријатието за овие свои амбициозни активности ги известила сите свои соработници и посетители со презентација на своите вредности, производни простории, начините на работа и високата чистота во самиот процес на производство со што се здобива со епитет општествено одговорно претпријатие.

Горан Антевски
Управител на Раде Кончар – ТЕП
02/2463183
gantevski@koncar.com.mk
www.rk-servis.com.mk
www.koncar.com.mk

RENOVA
PUTZ

**РЕНОВА ДОО Тетово е претпријатие** за производство и продажба на суви малтери и лепила за завршни работи во градежништвото. Со цел да понуди квалитетни услуги и производи на потрошувачите претпријатието поседува и стандард за квалитет ИСО 9001:2000.

**Проектот на Ренова** всушнот претставува филозофија на работењето. Една од стратешките определби е формирањето на Фондација преку која, покрај финансирање на хуманитарни културни, спортски и други проекти, се стипендираат талентирани ученици на постојана основа. Годишно се стипендираат 160 талентирани студенти и средношколци од кои очекуваат квалитетен стручен кадар кој директно ќе биде инволвиран во развојот на општеството. Спроведуваат низа активности, кампувања и семинари со стипендистите, имаат соработка со фондацијата „Елбухара“ од Малезија каде магистрираат студенти. Финансираат и изградба на верски објекти, обнова на образовни и здравствени установи, финансирање при издаваштво на книги, финансирање на проект со Факултетот од Југоисточна Европа за зближување на компаниите и студентите и нивно идно вработување. Филантропски истакнати од УСАИД во соработка со ЦИР-а од „Проектот за зајакнување на граѓанското општество“. Нивната висока еколошка свесност, на раководството и тимот вработени се рефлектира и во производствениот процес.


Ненад Бошковски
Маркетинг менаџер
044/487300
nenadrenova@gmail.com
www.renova.com.mk

**ФАРМАХЕМ ДОО Скопје** е реномирано претпријатие за промет со медицински материјали, за развој на прометот и услугите во областа на дијагностика, применета медицина, прехранбена, хемиска индустрија и еколошки консалтинг. Главниот фокус на претпријатието е задоволување на потребите на купувачите, вработените и општеството, подобрување на квалитетот на живеење. Има воведно стандард на квалитет ИСО 2001:9000.

**Проект: „Формирање на Групација на фирми за еколошки консалтинг во рамките на Стопанската комора на Македонија“.** Мотивирани да делуваат во насока на афирмација на заштитата на животната средина во бизнис секторот и активно учество на компетентните субјекти во носењето на законските регулативи од стратешки карактер, претпријатијата доаѓаат на идеја да ги организираат субјектите кои се занимаваат со еколошки консалтинг со цел заеднички и организирано да настапуваат пред институциите кои носат одлуки. Се залагаат и за делување на стопанските субјекти во државата за „позеленување“ на бизнисот и подигнување на свеста кај менаџерите за унапредување и заштита на животната средина. За исполнување на проектните цели вклучуваат дваесетина фирми од Македонија кои се занимаваат со еколошки консалтинг. Видливи резултати од спроведените активности се придонесот во донесувањето на законската регулатива од областа на заштита на животната средина, учество во Координативното тело на институцијата Иницијатива за безбедност во животната средина за земјите во Југоисточна Европа и номинирање на член во работната група за животна средина за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија итн.

*Д-р Јосиф Таневски*
Генерален менаџер
02/2031193
farmahem@farmehem.com.mk
www.farmehem.com.mk

## ГОЛЕМИ КОМПАНИИ

**АДИНГ АД Скопје** е претпријатие со препознатлив бренд во производството на градежни материјали и хемиски додатоци во градежништвото, има лидерска пазарна позиција на домашен терен и добар имиџ на странските пазари. Има воведено стандард за квалитет ИСО 2001:9000, а во тек на воведување е стандардот ИСО 14000.

Проектот на Адинг покрај воведување на стандардот за квалитет ИСО 14000 е филозофијата на претпријатијата **„Развој на претпријатијата без штети за сите генерации“** Тежнеењето кон одржливиот развој, а со крајна цел да не се наштети на сегашните и идните генерации во општеството, како основна идеја, согласно компаниските вредности, ги ставаат претпријатијата во рамките на прифаќање на принципите на општествено одговорните компании. Водени од мотивацијата, континуирано да се подобри сопствениот имиџ за да се биде регионален лидер во оваа област сега и во иднина.

Во претпријатието постојано се спроведуваат проекти со основна цел заштита на почвата, водата и воздухот, кои вклучуваат големи кадровски и финансиски ресурси. Со овие активности претпријатието системски ги гради односите со заинтересираните и засегнатите страни, а резултат од тоа е полесниот пристап на пазарите и фондовите за финансирање.

Во исполнување на овие амбициозни активности се вклучени и Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, граѓанските организации, локалната самоуправа, SGS-Лондон, Фармахем Скопје и други институции.

*Благоја Мојсовски*
Директор на контрола на деловен систем
02/2034804
zakev@ading.com.mk
http://ading.com.mk/

JSP SKOPJE
NQP SHKUP

**ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ Скопје** е претпријатие од општествен интерес за градот Скопје и основен носител на превозот на патници во јавниот градски и меѓуопштински (приградски) сообраќај на подрачјето на град Скопје.

**Проект: „Реконструкција на моторите на 30 автобуси за субституција на дел од горивото (нафтата) со природен гас“**

Тежнеењето кон намалување на потрошувачката на нафта, подобрување на животната средина и подобрување на квалитетот на превозот, доволна причина да се оствари идејата за намалување на загадувањето во средината. Проектните активности се преземени поради неможноста за купување на нови возила со современи мотори EURO 3, EURO 4, EURO 5 кои помалку загадуваат. Вклучувајќи ги Министерството за животна средина и просторно планирање, проектот ЛЕАП како и сопствените ресурси, направена е потребната реконструкција на автобусите за воведување на ваквиот систем од што произлегуваат видливи резултати: подобрување на квалитетот на превозот и смалено загадување, а претпријатието покрај еколошките придобивки, кои се и цел на проектот, остварило и финансиски придобивки.

*Илија Чакаров*
Технички Директор
02/3174251
cakarov@jsp.com.mk
www.jsp.com.mk

**МАКПЕТРОЛ АД Скопје** е водечко претпријатие во трговијата со нафта и нафтени деривати во Македонија. Со 117 бензиски пумпи во сите градови во државата, вкупен расположив капацитет од 150.000 кубни метри во складовите за нафтени деривати и постојка за Биодизел е енергетско претпријатие која постои за енергетско обезбедување на течни и гасни горива за индустријата и индивидуалните потрошувачи во Македонија. Со добра пазарна позиција, организација, менаџмент, вложувања во истражување и развој и заедничко вложување во систем на гасификација. Претпријатието има воведено ИСО 2001-9000 и ИСО 14000 стандарди на квалитет.

Основната идеја за **Проектот „Биогорива-обновливи извори на енергија-Биодизел во Македонија“** е замена на фосилните горива со обновливите извори на енергија, примена на горива со намалена емисија на CO2 и заживување на руралната средина. Во рамките на проектот главното тежиште е ставено на обезбедување и реализација на развојни програми со кои ќе се влијае на средината во која се делува и живее со што се докажува општествената одговорност. Во проектот се вклучени Земјоделскиот факултет, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство, странски партнери и стручен кадар од претпријатието. Проучени се и истражени, областите на биогоривата во светот и Европа, изграден е објект со високи критериуми на европски стандарди, иницирано е изработувањето на закон, а сето пропратено со обука и вработување на стручен кадар. Освен ова се иницира и развој на земјоделието. Од проектните активности произлезени се повеќе резултати: повик до потенцијалните производители на земјоделските култури за суровина, заживување на руралната средина, повеќекратно намалување на емисијата на CO2 во атмосферата. Освен тоа, Министерството за економија примената на овие горива ја постави како задолжителна мерка за примена.

*Николина Манова*
Асистент во дирекција за инвестиции и развој – развој
Nikolina.manova@makpetrol.com.mk
www.makpetrol.com.mk

**МАКСТИЛ А.Д.**
**Скопје - МАКЕДОНИЈА**

**МАКСТИЛ АД Скопје** е носечки национален капацитет за производство на челик (слабови) и валани челични производи (топло валани дебели лимови) во широк димензионален и квалитетен дијапазон. Претпријатието во континуитет одржува четири децениска традиција на лидер на домашната метална индустрија, со единственоста на својот производен асортиман на пошироките простори на Балканот, со препознатливост на својот квалитет потврден од најзначајните светски сертификациони куќи.

Основната идеја на **Проектот „Постројка за производство на Шредер-Мелница**“ е одржување на континуитет во надградување на стандардите во работењето на претпријатијата. Со особена грижа за ефикасност во сите сфери, со посебен осврт на заштитата на животната и работната средина кои се вклопуваат во основната цел кон која тежнеат - намалување на емисијата на несаканите нус-производи во процесот на рециклирање на старото железо и производство на челик. Трите нивоа за спроведување на целите на проектот се детерминирани со влегување на почиста суровина во Електро лачната печка-почисто производство, намалени број на отворања на капакот на електро печката и зголемена енергетска ефикасност. Во проектот се вклучени Ing.BONFIGLIOLI S.p.A., „Геинг“ Д.О.О. Скопје, а индиректно вклучени на проектот во својство на мониторинг се претставници на локалните власти, локалната заедница - Урбана заедница „Железара“ и граѓани - поединци заинтересирани за проектот, еколошки организации.


*Нове Георгиевски*

Помошник на Генералниот Директор

Тел: 02/3287043

nove.georgievski@makstil.com.mk

www.makstil.com.mk

**ТЕТЕКС АД Тетово** е синоним за еден од најголемите производители на модна конфекција во Македонија. Некогашен гигант на просторите на поранешна Југославија и на пазарите на Источна Европа по успешната трансформација се задржуваат и освојуваат нови пазари за пласирање на предиво, ткаенини, конфекција и трикотажа.

**Проект: „Реконструкција на постоечкиот систем на кондиционирање на воздухот**" е спроведен со цел подобрување на условите за работа во фабриката за готова облека преку намалување на високите температури во летниот период, кои дополнително се зголемени од самиот технолошки процес (обработка со пареа) реконструкција на системот за ладење. Претпријатието стекнува придобивки кои се состојат од зголемување на продуктивноста на трудот кај вработените и поголема способност, со намалување на отсуство од работа поради повреди и боледувања поради лошиот квалитет на воздухот и ладењето.

*Борислава Мачура*
Раководител на плански сектор
044/339006
teteks@mt.net.mk
www.teteks.com.mk

**TINEX ДОО Скопје** - силен бренд кој ужива доверба кај потрошувачите, дефинирана стратегија за развој, интегрирајќи конкурентни цени, квалитетна услуга - Тинекс МТ најголемиот ланец на супермаркети во Македонија со 30 маркети низ целата земја. Главен фокус е раст на претпријатието преку отворање на нови објекти со голема квадратура, по европски стандарди и зголемување на прометот во наредните три години за 50 проценти.

**Проектот „Вработување штитеници од домот за деца без родители“** прераснува во филозофија на хуманоста во работењето на оваа претпријатие. Водени од идејата да ги интегрираат ваквите лица во општеството, тежнеат кон исполнување на основната цел помош на лицата да егзистираат независно. Мотивирани од придонесот што Тинекс може да го даде во рамките на своите дејности и можности на Министерството за труд и социјална политика и на Домот за деца без родители „11 Октомври“ Скопје да ги поттикне другите компании (нивни соработници или купувачи) и тие да преземат општествено одговорни активности.

Во партнерски однос со споменатите институции преземаат активности за вработување, обука и посебно внимание кон лицата од страна на претпоставените. Резултатите од активностите се гледаат во успешно интегрирани вработени во тимот на Тинекс што произлегува од долгорочна и напорна работа. Претпријатието во покажаната општествена одговорност гледа лична сатисфакција и минимално подобрен углед кај добавувачите и јавните институции.

Покрај овој континуиран проект, претпријатието има постојан фонд за финансирање на хуманитарни спортски и други активности.

*Милена Вангеловска*
Асистент на Генералниот директор
02/2780087
tinex@tinex.com.mk
www.tinex.com.mk

**ТУТУНСКИ КОМБИНАТ АД Скопје** како претпријатие со највисоки стандарди создава вредност за акционерите, вработените и заедницата. Во иднина претпријатието го гледаат како најбрзо растечко претпријатие во тутунската индустрија во регионот.

**Проект: "Реновирање на Културно Информативниот Центар Скопје"** Наоѓајќи се во стратегијата за ООП, се активираат за подобрување на условите на културата во РМ, а тоа го прават врз основа на воспоставениот социјален дијалог со Градот Скопје и Општина Центар. Активностите во овој делокруг, како поддржувач на културата, го прават претпријатието препознатливо кај деловните субјекти и јавноста. Основната цел на проектот е да придонесат кон создавање на адекватен простор за промоција на културата и уметноста во Македонија. За успешно спроведување на проектот ги вклучуваат ЈУ Културно-Информативен центар-Скопје и Одделението за култура на Град Скопје. Во рамките на проектот комплетно се реновирани двата салони во модерни галериски простори, а како резултат на овие активности уметниците добија простор за создавање културни вредности што ќе оставаат траен белег и ќе придонесат за афирмација на македонската култура.

*Елисавета Симјановска*
Менаџер за корпоративни прашања
02/3238566
elisaveta.simjanovska@tut.com.mk
http://www.tks.com.mk

**ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД Скопје** е дел од Титан - водечка грчка производна фирма за цемент и производи поврзани со цемент и изолациони материјали. Со тековен годишен производствен капацитет од околу 15 милиони тони со четири фабрики во Грција, две во САД, три во Југоисточна Европа и две на Блискиот Исток.

**Проект „Програма за стручна обука за младите невработени лица кои живеат во заедниците кои се соседи на Цементарница Усје".** Тргнувајќи од фактот дека невработеноста е еден од најважните проблеми со кои се соочуваат младите луѓе, организираат програма за стручна обука за младите невработени лица кои живеат во соседните заедници. Сметаат дека оваа стручна обука, во комбинација со практичното искуство може да помогнат и да понудат перспективи за ново вработување. Со тоа, ќе се придонесе за подобрување на практичното и теоретското знаење за невработените, развивање на нивните можности да најдат работа и да им помогнат на фирмите во обезбедувањето на квалитетна работна сила на полето на механичко одржување. Активностите за проектот се преземени под мотивација дека добрите односи со соседните заедници се важни исто толку колку што е важна и дозволата за функционирање на фабриката. Под стручен надзор на експерти од претпријатијата регрутирани се учесници, утврдени упатства за обука, неопходна опрема, обезбедени тренери од што произлегуваат видливи резултати стручната обука, во комбинација со практично искуство, кои можат да помогнат и да обезбедат нови перспективи за вработување на младите.

*М-р Татјана Николова Маневска*
Раководител на службата за човечки ресурси и кадровски работи
02/2786117
tatjanan@usje.com.mk
http://www.titan-cement.com/en

## ПРЕТПРИЈАТИЈА КОИ УЧЕСТВУВАА ВО ПРОЦЕСОТ

| МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА | |
|---|---|
| Агротехна доо Скопје | Мако Маркет доо Скопје |
| Балкан Био Церт Скопје | Макпрогрес доо Виница |
| Бикрат Глобалистик доел Штип | Мега три доел Скопје |
| Вит доел Штип | Менс Легис доел Скопје |
| ВС Хидраулика доел Скопје | Милано доо Штип |
| Гемоја | Настел Експорт дооел Скопје |
| Геопром дооел Скопје | НЗСМ СОЖМ |
| Горење доел Скопје | Озон доо Скопје |
| Градежен Институт Македонија а.д. Скопје | Полотекс |
| Диливери Експрес џаст ин тајм Скопје | Раде Кочар Сервис доо Скопје |
| Дуна доо Скопје | Ренова доо Тетово |
| Евросет доо Скопје | РЖ Институт а.д. Скопје |
| Еко Клуб доел Битола | Ридарек доел Прилеп |
| АД ЕуроКомпјутер Системс-ЕЦС Скопје | Сковин а.д. Скопје |
| Жикол Струмица | Сонитекс доел Кавадарци |
| Завар Компани Скопје дооел Скопје | Статеринг доел Пробиштип |
| Златекс доел Скопје | Фам Моде доел Штип |
| Инет а.д. Скопје | Фармахем доо Скопје |
| Ирт транс | Фатина Дс доел Гостивар |
| Кате - Љупчо | Хотел Градче Кочани |
| Кожувчанка доо Кавадарци | Центрум доел Кавадарци |
| Македонија Експорт Скопје | Шик Плачковица а.д. Радовиш |
| **ГОЛЕМИ ПРЕТПРИЈАТИЈА** | |
| Адинг а.д. Скопје | Макстил а.д. Скопје |
| Декон а.д. Гостивар | МЖ инфраструктура СКОПЈЕ |
| Европа а.д. Скопје | Монт доо Скопје |
| Еуролинк осигурување а.д. Скопје | НЛБ Тутунска банка а.д. Скопје |
| Еуростандард банка а.д. Скопје | Охридска банка а.д. Охрид |
| Жито Вардар а.д. Велес | Прокредит банка а.д. Скопје |
| ЈСП Скопје | Раде Кончар контактори и релеи Доо Скопје |
| Кимитекс а.д. Струга | Стопанска банка а.д. Скопје |
| Космофон а.д. Скопје | Т - мобиле а.д. Скопје |
| Ларс доо Штип | Тетекс а.д. Тетово |
| Македонија турист а.д. Скопје | Тиквеш а.д. Кавадарци |
| Македонски телекомуникации а.д. Скопје | Тинекс доо Скопје |
| Макпетрол а.д. Скопје | Тутунски комбинат а.д. Скопје |
| **ЧЛЕНОВИ НА ЖИРИ КОМИСИЈА** | |
| Министерство за економија | Никола Столев, советник |
| Министерство за труд и социјална политика | Вељко Ивановиќ, шеф на кабинет на министерот |
| Министерство животна средина и просторно планирање | Линдита Дика, Државен советник за индустрија и управување со ризици |
| Сојуз на стопански комори на Македонија | Александра Трајковска, проектен координатор |
| Стопанска комора на Македонија | М-р Ацо Спасовски, директор на дирекција за деловни и општи услуги |
| Кластер за текстил | Наташа Сивевска, извршен директор |